РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3826/17
17-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-тата седница одржана на ден 11.01.2024 година донесе

*О Д Л У К А*

Постапката заведена под бр.08-3377/1 од 29.09.2020 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за понатамошно постапување на ДКСК по предметот со бр.08-3377/1 од 29.09.2020 година.

Предметот со бр.08-3377/1 од 29.09.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со бр.08-3377/1 од 29.09.2020 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител.

ДКСК со цел да ја утврди фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ________ и за члeновите на нејзиното семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија и од финансиските институции во државата.

ДКСК констатира дека лицето __________, Судија во Основен суд _______ нема доставено Анкетен лист или Образец за промена на имотната состојба од 2008 година.

При тоа од добиените податоци од Агенцијата за катастар на недвижности имотот запишан во Имотен лист бр.______ КО _____ сопственост на ________, сопруг на горе именуваната не е пријавен, како и имот запишан во Имотен лист бр.______ КО _______. Исто така, не е пријавен субјектот ДТТУ ______ увоз-извоз ДООЕЛ ______ регистриран во Централен регистер на РСМ на 11.10.____ година сопственост на брачниот другар.

Во врска со ова ДКСК достави информација со бр.08-3445/1 од 14.07.2023 година до Судски совет на Република Северна Македонија со цел да се преземат дејствија согласно нивната регулатива.

ДКСК во врска со преземените дејствија по предметот за ________, Судија во Основен суд ________, констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изработил: м-р НТ-М, советник

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk